ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-226/9

Дата: 01.09.2013

ДО
НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“ - КУМАНОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово (во понатамошен текст НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово) на сметката на основен буџет (631-11), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на прикажаните позиции во финансиските извештаи за 2012 година, поради не применување на основното буџетско начело на парично прикажување, неизвршен целосен попис на постојаните средства и на обврските.

За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ ЦК „Трајко Прокопиев“-Куманово прикажаните податоци во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи не се усогласени со реално признатите расходи евидентирани во главната книга од сметководствената евиденција на ден 31.12.2012 година, не е извршен попис на материјалните средства согласно законската регулатива, не е извршен попис на побарувањата и обврските, утврдени се слабости во постапките за јавни набавки и извршени се набавки на стоки и услуги без спроведување на постапки за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува евидентирање на трансакциите и промените на средствата во деловните книги и спроведување на попис на начин утврден со законските и подзаконските акти, а набавките на стоки и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1.________________
2.________________ ____________________

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово на сметката на основен буџет (631-11) за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Роберт Павлевски, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“-Куманово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи, на ден 31 декември 2012 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово не ги прикажало реално признатите расходи во 2012 година и позициите во Билансот на состојба на ден 31. декември истата година, поради неприменување на буџетското начело на парично прикажување при евидентирањето во сметководствената евиденција на финансиските трансакции, средствата, обврските и изворите на средства, примена на несоодветни сметки, нецелосно извршен попис на материјалните средства и изворите и неизвршен попис на обврските и побарувањата. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за мислење за финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“- Куманово, за 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.05.2013 до 22.07.2013 година кај НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 26.07.2013 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-226/4 од 21.08.2013 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.1. Наодот од точка 3.1.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-14), во врска со неприменување на основното буџетско начело на парично прикажување на расходите и примена на несоодветни сметки, се однесува и на сметката на основен буџет (631-11).

3.1.2. Во 2012 година остварени се приходи од две правни лица по основ на закуп и префактурирани режиски трошоци во вкупен износ од 618 илјади денари за користење на дел од недвижна ствар со површина од 45,1 м$^2$ и 177,29 м$^2$. Договорите со овие лица се склучени на нетранспарентен начин, а не со постапка со јавно наддавање што ја спроведува Министерството за култура, што не е во согласност со член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Ваквиот начин на постапување со имотот кој се дава во закуп создава можност за субјективен пристап при изборот на субјекти на кои ќе се даде имот во закуп, како и за ненаменско и незаконско користење на средствата.
Согласно договорите, крајниот рок за закуп е 2006 година и 2008 година, но закупците продолжиле да го користат просторот и во 2013 година, кога Установата поднела барање до Министерството за култура за покренување на постапка за издавање на овие два простори во закуп. По овој основ министерството на 12.06.2013 година објавило оглас за јавно наддавање за давање во закуп на недвижна ствар во НУ Центар за култура “Трајко Прокопиев“ – Куманово, само за просторот со површина од 177,29 м$^2$, а во тек е постапката за издавање на просторот со површина од 45,1 м$^2$.

**Биланс на состојба**.

3.1.3. Наодот од точка 3.1.3. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (603-14), во врска со нецелосно извршен попис на материјалните средства и неизвршен попис на паричните средства, обврските и побарувањата, се однесува и на сметката на основен буџет (631-11).

3.1.4. Поради не применување на буџетското начело на парично прикажување во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година, ги констатиравме следните неправилности:

- Не е усогласена состојбата на паричните средства на сметката со остварениот вишок на приходи за пренос во наредната година на ден 31.12.2012 година за износ од 57 илјади денари.
- Не е усогласена состојбата на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства за износ од 4.906 илјади денари.
- Состојбите искажани на позиција Побарувања не се евидентирани како Пасивни временски разграничувања за износ од 4.923 илјади денари.

Состојбите кои се наведени потекнуваат од минати години и се резултат на погрешно спроведени книжења во сметководствената евиденција поради не применување на сметководственото начело на парично прикажување на средствата, побарувањата и обврските, примена на сметки кои не се во согласност со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, нецелосно извршен попис на средствата и изворите и неизвршен попис на обврските и побарувањата.

Ваквата состојба не е во согласност со член 19 и член 22 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и членовите 18-27 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект прикажување на неточни и невистинити состојби на средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**

За надминување на утврдените слабости, ревизијата го препорачува следното:

Одговорното лице да преземе активности и создаде услови за квалитетен и целосен попис.

Пописната комисија да ја утврди и испита основаноста на прикажаните состојби на позициите за побарувања и обврски и по утврдените разлики да предложи мерки за усогласување на фактичката состојба со сметководствената евиденција.

Одговорниот сметководител да врши целосно и навремено евидентирање на средствата, побарувањата и обврските со примена на буџетското начело на парично прикажување на соодветните сметки согласно законските прописи.

## Користење на средствата согласно законските прописи

## 3.2. Јавни набавки

3.2.1. Наодот од точка 3.2.2. од Конечниот извештај за сметката на основен буџет (603-14), во врска со несоодветно спроведена постапка за доделување на договор за набавка со постапка за прибирање на понуди без објава на оглас, се однесува и на сметката на основен буџет (631-11). Од оваа сметка се исплатени 21 илјади денари за печатење на плакати, каталози и флаери.

3.2.2. Наодот од точка 3.2.3. од Конечниот извештај за сметката на основен буџет (603-14), во врска со неспроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, се однесува и на сметката на основен буџет (631-11). Од оваа сметка се исплатени 59 илјади денари за набавка на компјутерска опрема, сметководствени услуги, канцелариски материјали и услуги за фотокопирање.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точка 3.1. погоре, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година, поради не применување на буџетското начело на парично прикажување при евидентирање на финансиските трансакции, несоодветно евидентирање на постојаните средства, на краткорочните обврски и побарувањата, не извршен попис на средствата на начин и со постапки пропишани во законските и подзаконските акти и неизвршен попис на обврските и побарувањата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово, сметка на основен буџет (631-11), за 2012 година.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово, сметка на основен буџет (631-11), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

Обрнуваме внимание дека НУ ЦК “Трајко Прокопиев“ - Куманово се јавува како тужител во судски спор против правно лице од кое има парично побарување во износ од 1.810 илјади денари за период од 31.05.2009 година до 30.11.2011 година по основ на главен долг со споредни побарувања за закуп на деловен простор. По овој спор, Државното Правобранителство на РМ донело Предлог ПН бр.07-1/12 од 09.01.2012 година за донесување на решение со кое се дозволува извршување, односно се задолжува тужениот да го плати долгот.

Со донесување на такво решение од страна на нотар како надлежен за тоа, се очекува кај НУ Центар за култура “Трајко Прокопиев“- Куманово да настанат идни последователни приходи кои ќе се рефлектираат во наредниот период од работењето.

Скопје, 24.09.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 2.231 | 1.821 |
| **Вкупно приходи** | | **2.231** | **1.821** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 2.060 | 1.524 |
| Каматни плаќања | 3.2.2. | 1 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 170 | 64 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.231** | **1.588** |
| **Вкупно расходи** | | **2.231** | **1.588** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3. | **0** | **233** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.4. | **0** | **233** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 57 | | 233 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6.914 | | 6.793 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 0 | | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 267 | | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.238** | | **7.032** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 2 | | 27 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2** | | **27** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **7.240** | | **7.059** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 251 | | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 31 | | 95 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 2.048 | | 2.028 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.332** | | **2.126** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 4.908 | | 4.933 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4.908** | | **4.933** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **7.240** | | **7.059** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| Состојба 01.01.2012 година | 4.933 | 4.933 |
| | | |
| Намалување по основ на: | 25 | 25 |
| Амортизација | 25 | 25 |
| | | |
| Состојба 31.12.2012 година | 4.908 | 4.908 |